Уп. Бр.08-126/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Сасол Инвестмент Компани (Пту) Лимитед (*Sasol Investment Company (Pty) Limited*), со седиште во Јоханесбург, Јужна Африка, со место на вршење на деловна активност на Сасол Плејс 50 Кетрин Стрит, Сандтон, Готенг, 2146 Јужна Афрnamespaceина и Топсое Проџект Инвестмент А/С (*Topsoe Project Investment A/S*), со место на вршење на деловна активност на Халдор Топсоес Алле 1 (*Haldor Topsoes Alle 1*), 2800 Кгс. Лингби, Данска, преку Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 20.09.2023 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Сасол Инвестмент Компани (Пту) Лимитед (*Sasol Investment Company (Pty) Limited*), со седиште во Јоханесбург, Јужна Африка, со место на вршење на деловна активност на Сасол Плејс 50 Кетрин Стрит, Сандтон, Готенг, 2146 Јужна Африна и Топсое Проџект Инвестмент А/С (*Topsoe Project Investment A/S*), со место на вршење на деловна активност на Халдор Топсоес Алле 1 (*Haldor Topsoes Alle 1*), 2800 Кгс. Лингби, Данска ќе основаат заедничко вложување во нивна заедничка контрола, ЈВ ХолдКо и заедничко вложување во нивна заедничка контрола ЈВ ОЕМКо, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 22.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Сасол Инвестмент Компани (Пту) Лимитед (*Sasol Investment Company (Pty) Limited*), со седиште во Јоханесбург, Јужна

Африка, со место на вршење на деловна активност на Сасол Плејс 50 Кетрин Стрит, Сандтон, Готенг, 2146 Јужна Африна и (*Topsoe Project Investment A/S*), со место на вршење на деловна активност на Халдор Топсоес Алле 1 (*Haldor Topsoes Alle 1*), 2800 Кгс. Лингби, Данска со која Сасол Инвестмент Компани (Пту) Лимитед и Топсое Проџект Инвестмент А/С ќе основаат заедничко вложување во нивна заедничка контрола, ЈВ ХолдКо и заедничко вложување во нивна заедничка контрола ЈВ ОЕМКо.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Сасол Инвестмент Компани (Пту) Лимитед е 100% зависно друштво на Сасол Лимитед, Јужна Африна кое заедно со неговите други зависни друштва ја сочинуваат „Групацијата Сасол“.
Групацијата Сасол е глобална хемиска (напредни материјали, основни хемикалии, есенцијални хемикалии за нега и решенија за изведба) и енергетска групација на компании (рударство, гас и горива) со седиште во Јужна Африка која интегрира софистицирани технологии и процеси во оперативни капацитети од светски размери. Групацијата Сасол ги произведува и продава своите висококвалитетни производи во 22 земји.
Во Северна Македонија, Сасол Инвестмент Компани (Пту) Лимитед нема регистрирано корпоративно присуство, XXX[1].

Топсое Проџект Инвестмент А/С е 100% зависно друштво на Топсое А/С, кое заедно со неговите зависни друштва ја сочинуваат „Групацијата Топсое“. Топсое Проџект Инвестмент А/С произведува и снабдува со катализатори и лиценцира технологии во врска со процесите на катализа. Друштвото има две производствени локации лоцирани во Фредериксунд, Данска и Хјустон, САД. Активностите поврзани со инженерство, истражување и развој на проекти се лоцирани во Суджоу, Кина; Лингби, Данска; Есен, Германија; и Њу Делхи, Индија.
XXX

ЈВ ХолдКо ќе се основа како приватно друштво со ограничена одговорност XXX

ЈВ ОЕМКо ќе се основа како приватно друштво со ограничена одговорност XXX.

Целта на бизнисот со заедничко вложување (спроведен од друштвата на Групацијата ЈВ и/или Малцинските СПВ) е да развие, изгради, поседува и работи со објекти за производство на одржливо авиогориво добиено од нефосилна суровина, користејќи зелен водород, одржливи извори на CO2 и/или биомаса и/или други видови на авиогорива со помал јаглерод, под услов овие капацитети да се дизајнирани така што повеќе од 50% од излезот се состои од SAF(*Sustainable Aviation Fuel)* или да бидат способни да произведат резултат кој се состои од SAF од повеќе од 50%.

---

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

Дополнително, ЈВ ХолдКо ќе го брендира, пушти на пазар и продава SAF произведен од компаниите на Групацијата ЈВ XXX.

Покрај тоа, како чист нуспроизвод на производството на SAF, ЈВ ХолдКо исто така ќе произведува и продава XXX или како заробена продажба на Групацијата Сасол, или на пазарот.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**